# МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА
# СУДИСКА КОМИСИЈА

**Записник од состанок на СКМКФ, Судии и делегати од Прва А и Прва Б група**

Датум на одржување: 08 октомври 2009, 18:30 час
Локација: МКФ

**Заклучоци** :

1. Комплетна независност на комесарот во неговата работата како во однос на клубовите така и во однос на судиите и делегатите.

2. Ако постојат ситуации кои предизвикуваат агресивно однесување и немири а не се санкционирани од страна на судиите на терен, комесарот по прегледување на видео снимка има право да спроведе санкции кон сторителите.

3. Секој клуб во прва лига треба да обезбеди комесар за безбедност, кој ке се грижи за безбедноста на службените лица од нивното пристигање во градот/салата, до нивно безбедно напуштање. Да се нотира од страна на делегатите неговото присуство

4. Забрането присуство на неслужбени лица во соблекувалната на судиите пред, за време и после натпреварот,

5. Доцнење и несоодветно облекување на судиите на натпреварот да биде соодветно забележано од страната на делегатот во извештајот за судењето

6. Задолжителен разговор и договор пред и после натпреварот помеѓу судиите (во кои може да биде вклучен и делегатот), што е примарна должност на првиот судија

7. Делегатот пред секој натпревар да го увиди бројот на полицајци дали е доволен и дали соодејствува со бројот на гледачи, во случај бројот на полиција да не е доволен во однос на бројот на присутните гледачи, веднаш да се реагира до организаторот-домакинот на натпреварот.

8. Исто така должност на делегатите е да нотираат во делегатскиот извештај за сите детали поврзани со самиот натпревар.

9. Во однос на публиката и нејзиното однесување за време на натпревар:
- при неспортско навивање, да не се прекинува натпреварот веднаш, туку да се почека до прва мртва топка за опомена
- фрлање на предмети на терен, плукање - веднаш да се прекине натпреварот (освен ако една од екипите не се доведува во подредена положба), при повторување на овие појави од страна на публиката се празни делот од публиката каде се случил инцидентот или се подигаат гледачите од првите редови погоре. Доколку овие неспортски појави зачестат следува празнење на салата.
- во случај на нереди исто така следува празнење на салата.

10. Судиите и делегатот да обезбедат со помош на организаторот, нормални и регуларни услови за игра на двете екипи,

11. Се задолжуваат клубовите да обезбедат лиценцирани помошни судии, преку лиценцниот систем на МКФ. Во спротивно, делегатите на натпреварите по проверка на лиценците, да не дозволат нелиценцирани лица да ја вршат функцијата помошен судија.

12. Се задолжуваат сите делегати доколку е потребно да помогнат на судиите пред, за време и после натпреварот, а особено на помладите судии

13. Судиите да посветат посебно внимание на однесувањето на учесниците на натпреварот, играчите , нивните заменици, тренерите и другите претставници на клубовите, при што секое недолично и неспортско однесување ке биде соодветно казнето

14. Обврската за Данокот на приход од претходната сезона врз основа на исплатените такси да биде подмирено од страна на Здружението на прволигаши во најкус можен рок, а не подоцна од завршувањето на фискалната година.

15. Се забранува секаков коментар поврзан со судењето (судијата), од страна на сите актери во кошаркарската игра:
- тренери
- играчи
- преставници на клубови
- кошаркарски судии и делегати
Во случај на таков вид на прекршок, ќе се превземат мерки против сторителите, во согласност со Пропозициите за натпреварување на МКФ (член 18) и Дисциплинскиот правилник на СКМКФ.

16. Начинот на плаќањето на судиските и делегатските такси да биде пред натпревар во готово или со белешка за извршена уплата на средствата, во спротивно натпреварот нема да биде одигран, (одлука која е потврдена и од Здружението на Прволигаши)

Скопје, 10.10.2009

Секретар на СКМКФ
**Цветаноски Влатко**

Председател на СКМКФ
**Денковски Петар**